РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 13-15265/4
26-09-2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/14,116/14 и 130/14), министерот за образование и наука донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за почеток со работа на студиската програма по Студии на политиките од втор циклус едногодишни и двегодишни студии на Институтот за општествени и хуманистички науки во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма по Студии на политиките од втор циклус едногодишни и двегодишни студии на Институтот за општествени и хуманистички науки во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

О б р а з л о ж е н и е

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација, Решение бр. 17-100/2 од 19.09.2014 година за акредитација на студиската програма по Студии на политиките од втор циклус двегодишни студии и Решение бр.17-99/2 од 19.09.2014 година за акредитација на студиската програма по Студии на политиките од втор циклус едногодишни студии на Институтот за општествени и хуманистички науки во Скопје, Институтот се обрати со барање бр. 52/2014 од 23.09.2014 година, до Министерството за образование и наука, под наш бр. 13-15255/1 од 23.09.2014 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма по Студии на политиките од втор циклус едногодишни и двегодишни студии.

Министерот за образование и наука, со решение бр. 13-15255/2 од 25.09.2014 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 25.09.2013 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 13-15255/3 од 25.09.2014 година, каде е наведено дека за студиската програма по Студии на политиките од втор циклус едногодишни и двегодишни студии на Институтот за општествени и хуманистички науки во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Abdilaqim Ademi

Доставено до:
- Примач
- Архива

изработил: Билјана Ивковска
контролиран: Марика Парцанова
одобрил: д-р Агим Рушити

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
2
СКОПЈЕ